**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Бр. / Nr. 03-987/1
03-03 2023 год. / v.
СКОПЈЕ / SHKUP



# СТУДИЈА

## за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на регионално ниво, на подрачјето на Скопје

март, 2023 година

## СОДРЖИНА

Вовед....................3

Важност на непрофитните радиостаници и законска рамка....................5

Постојна понуда....................6

Податоци за слушаноста на радиостаниците....................13

Потенцијална публика....................14

Заклучоци....................16

## **ВОВЕД**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: АВМУ) ја изработи оваа студија врз основа на доставено писмено барање (наш бр. 08-223/1 од 13.01.2023 година) од страна на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, со кое е побарано АВМУ да донесе одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно студентско радио на регионално ниво, на подрачјето на Скопје.

Со цел да обезбеди информации дали постојат слободни радиофреквенции на територијата за којашто заинтересираната страна покажа интерес за отворање радио, АВМУ се обрати до Агенција за електронски комуникации (во понатамошниот текст: АЕК), која управува со радиофреквенциите и издава одобренија за нивно користење.

На 31.01.2023 година, АЕК ја информираше АВМУ дека *„На територијата на град Скопје, во моментов, единствена слободна фреквенција е онаа која Агенцијата за електронски комуникации ја ослободи согласно член 147, став 3 точка д) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на РМ“ бр. 39/14, 188/14 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19, 153/19 и 92/21), со што се отповикаа одобренијата за користење на радиофреквенции на ТРД „Капитол ФМ“ ул. Козле бр. 12/1, Скопје. Воедно, Ве информираме дека во тек е судска постапка чиј што краен исход не може да се предвиди, односно доколку евентуално постои можност да се вратат во сила веќе одземените одобренија на претходниот корисник, за истото нема да постои техничка можност“. Подолу, се наведени начелни параметри кои беа определени на претходниот корисник ТРД „Капитол ФМ“, Скопје: Ефективна изрaчена моќност: 500 W; Фреквенција: 106.5 MHz; Локација на предавател - Средно Водно. Овие податоци може да се искористат при изработката на тендерската спецификација за јавен тендер за доделување на дозвола за вршење на радиодифузна дејност за покривање на град Скопје и истите подлежат на промени*“.

На 22.02.2023 година, со допис бр.08-223/6 АЕК ја извести Агенцијата дека *„Управниот Суд на Република Северна Македонија донел Пресуда број У-3 број 239/2022... со која тужбата на тужителот, за поништување на решението на Агенцијата за електронски комуникации, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА“*. Дополнително, во известувањето беше наведено и дека *„...против Пресудата не е поднесна жалба од тужителот до Вишиот Управен Суд“*.

Со оглед на сето ова, како и обврската на АВМУ утврдена во членот 70 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според која доколку согласно Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека има слободни радиофреквенции, Агенцијата, по прием на писмено

барање од заинтересирана страна ќе изработи студија со која ќе се утврди дали постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола од аспект на исполнувањето на целта на овој закон и од аспект на потребите на публиката.

Во студијата, во засебни делови се претставени податоците во врска со законските одредби кои се однесуваат на непрофитниот радиодифузен сектор, за актуелната радиска понуда на подрачјето на Скопје, за нивната слушаност, како и за структурата на населението на коешто ќе му бидат достапни содржините што би ги емитувала радиостаницата.

## ВАЖНОСТ НА НЕПРОФИТНИТЕ РАДИОСТАНИЦИ И ЗАКОНСКА РАМКА

Главната цел на непрофитните радиодифузни установи е да ги задоволат потребите и интересите на специфични општествени групи, како на пример студентски, религиозни, етнички групи и др, на начин што на своите програмски сервиси ќе емитуваат содржини во кои ќе бидат третирани теми кои одговараат и се од важност за нивните потреби.

Во оваа насока е и барањето што го достави Универзитетот за туризам и менаџмент од Скопје, во кое е наведено дека *„Во време на медиумски плурализам, но и во амбиент кога младите и студентите се нашата иднина, сакаме да понудиме нови содржини и информации. Идејата ни е да имаме информативни појаси и да пласираме успешни студентски приказни од дома. Да ги информираме слушателите за нашите таленти, но и за можностите кои по дипломирањето ги имаат во нашата земја. Како непрофитно студентско радио, би имале и дебатни емисии во кои отворено ќе се зборува за реалните проблеми на студентите, подигнување на студентскиот стандард, за можностите за размена со Еразмус програмите. Сакаме нашите студенти во радио емисиите да ги соочат и аргументите заедно со своите професори, со деканите, со асистентите, со претставниците на власта. Целта е преку отворени радио емисии да се слушне гласот на иднината, гласот на студентите кои на долг рок треба да се столбот на оваа држава“.*

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), универзитетот како високообразовна установа може да основа радио како посебна внатрешна организациона единица (студентско радио) без својство на правно лице. Дозволата за радио емитување на непрофитните радиодифузни установи се доделува за временски период од девет години со можност за продолжување на истата, а при пресметување на надоместокот за дозволата тие имаат најнизок коефициент (0,25). Овие медиуми во текот на денот се должни да емитуваат најмалку четири часа програма, при што во програмите не е дозволено користење на телефонски услуги со додадена вредност и не е дозволено да се емитува рекламирање. Освен овие посебни одредби, за непрофитните радиостаници важат останатите законски одредби кои важат за комерцијалните радиодифузери.

Неспорно е дека постоењето на непрофитните радиостаници придонесува за медиумска разновидност и поттикнува поголема вклученост во општествените процеси на групите за кои се наменети. На македонскиот пазар функционираат четири непрофитни радија. Три од нив се студентски радија - регионалното радио Студент ФМ (при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје), локалното радио УКЛО ФМ (при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола) и локалното радио УГД ФМ (при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип), а едно е верско - локалното радио Марија Благовест од Струмица, кое емитува програмски содржини наменети за христијанската заедница.

## ПОСТОЈНА ПОНУДА

Радиопрограма на регионално ниво емитуваат 16 радиостаници, од кои 15 се комерцијални и една е непрофитна – Универзитетското радио Студент ФМ 92.9, кое функционира како посебна внатрешна организациона единица во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и е наменето за студентската популација.

Имајќи ја предвид процентуалната застапеност на говорните содржини во вкупно емитуваната програма во текот на една недела, најголем дел од регионалните комерцијални радија се музичко - говорни, односно застапеноста на говорни содржини на неделно ниво кај нив изнесува над 5% до 15%. Такви се Арачина, Ват, Урбан, Роса АБ, Сити и Фортуна. Радиостаниците Буба Мара, Зона М-1, Клуб ФМ, Лајф ФМ и Скај се музички радија, што значи дека во текот на една седмица тие емитуваат до 5% говорни содржини. Над 15% до 25% говор неделно емитуваат РФМ, Лидер и Џез ФМ, врз основа на што тие се класифицирани како говорно - музички радија, а Спортското радио 90,3 ФМ е единственото регионално говорно радио кое во текот на неделата емитува над 25% говорни содржини.

**Формати на пограмските сервиси**[1]

| | **Формат** |
|---|---|
| РА Арачина | музичко – говорно радио од општ формат |
| РА Ват | |
| РА Урбан | |
| РА Роса АБ | |
| РА Сити | |
| РА Фортуна | музичко - говорно радио од специјализиран формат |
| РА Буба Мара | музичко радио од општ формат |
| РА Зона М-1 | |
| РА Клуб ФМ | |
| РА Лајф ФМ | |
| РА Скај | |
| РА РФМ | говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции |
| РА Лидер | говорно – музичко радио со претежно забавен општ формат |
| РА Џез ФМ | говорно - музичко радио со претежно образовен општ формат |
| РА Спортско радио 90,3 ФМ | говорно радио со претежно забавен општ формат |
| **РА Студент ФМ 92.9** | **програмски сервис наменет за студенти** |

[1] Форматите на радиостаниците се определуваат согласно „Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите“, кој е достапен на веб страницата на Агенцијата на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Pravilnik_za_formatite_na_programskite_servisi.pdf

Според структурата на говорните содржини и медиумските функции што тие ги исполнуваат, како и според структурата на емитуваната музика по вид и жанр, Арачина, Ват, Урбан, Роса АБ и Сити се музички - говорни радија од општ формат, додека Буба Мара, Зона М-1, Клуб ФМ, Лајф ФМ и Скај се музички радија од општ формат. Заедничко за овие десет радиостаници е тоа што музиката која ја емитуваат е од различни музички жанрови и ниту еден од нив не е застапен со повеќе од 70% во вкупната музика која се емитува во текот на една недела.

Радиостаницата РФМ е говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции (образовна, информативна и забавна). Поточно, говорните содржини што се емитуваат на овој програмски сервис исполнуваат најмалку две функции, но ниту една не е застапена со повеќе од 50% во говорниот дел од програмата во текот на една седмица.

Говорните содржини кои се емитуваат на програмата на Лидер и на Спортско радио 90,3 ФМ исполнуваат претежно забавна функција, додека оние кои се емитуваат на програмата на Џез ФМ исполнуваат претежно образовна функција, која не е застапена со помалку од 50%, ниту со повеќе од 65% во говорниот дел емитуван во текот на неделата.

Фортуна е единствената регионална радиостаница со специјализиран формат. Станува збор за програмски сервис музичко-говорно радио кај кој еден вид музика е застапен со најмалку 70% во вкупно емитуваната музика во текот на една недела. Односно, оваа радиостаница неделно емитува 95% поп музика.

**Структура на планираната неделна програма**

| | Времетраење | | |
|---|---|---|---|
| | Говорен дел | Музика | Други програмски сегменти |
| РА Арачина | 23:50:00 | 137:30:00 | 6:40:00 |
| РА Буба Мара | 2:30:00 | 148:00:00 | 17:30:00 |
| РА Ват | 9:00:00 | 129:42:00 | 29:18:00 |
| РА Зона М-1 | 7:30:00 | 145:30:00 | 15:00:00 |
| РА Урбан | 9:00:00 | 145:00:00 | 14:00:00 |
| РА Клуб ФМ | 5:00:00 | 136:30:00 | 26:30:00 |
| РА Лајф ФМ | 4:00:00 | 141:00:00 | 23:00:00 |
| РА Роса АБ | 8:06:00 | 141:54:00 | 18:00:00 |
| РА РФМ | 37:00:00 | 119:00:00 | 12:00:00 |
| РА Сити | 8:00:00 | 133:30:00 | 26:30:00 |
| РА Скај | 7:00:00 | 142:00:00 | 19:00:00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| РА Лидер | 25:00:00 | 123:00:00 | 20:00:00 |
| РА Спортско радио 90,3 ФМ | 35:30:00 | 106:00:00 | 24:00:00 |
| **РА Студент ФМ 92.9** | **38:20:00** | **123:29:00** | **6:11:00** |
| РА Фортуна | 16:00:00 | 124:00:00 | 28:00:00 |
| РА Цез ФМ | 25:00:00 | 138:00:00 | 5:00:00 |

Шеаснаесетте регионални радиостаници заедно емитуваат вкупно 260 часа и 46 минути говор неделно, при што најмногу говор се емитува на програмските сервиси на Студент ФМ 92,9 (38 часа и 20 минути), РФМ (37 часа) и Спортско радио 90,3 ФМ (35 часа и 30 минути). Буба Мара емитува најмалку говорни содржини во текот на една седмица – само 2 часа и 30 минути.

Неделно, најмногу програми со информативна функција емитува РФМ – вкупно 18 часа. Од овие, 9 часа и 15 минути се вести/ТВ дневници, 5 часа и 15 минути се актуелно-информативна прорама и 3 часа и 30 минути се информативни магазини.

Речиси исто толку содржини со информативна функција (17 часа и 54 минути) се емитуваат и на програмскиот сервис на универзитетското радио Студент ФМ 92.9. Најзастапен вид е информативно-забавната програма, за која неделно се издвојуваат по 5 часа и 25 минути, а други видови програми со позначајно времетраење се специјализираните информативни емисии (4 часа и 40 минути) и вестите/ТВ дневниците (3 часа и 30 минути). Имајќи предвид дека овој радио сервис е наменет за студентската популација, од вкупно емитуваната информативна програма во текот на една недела, 9 часа се содржини и информации неопходни за целната група.

Третата регионална радиостаница со најмногу програми што исполнуваат информативна функција е Спортско радио 90,3 ФМ - вкупно 13 часа, од кои дури 8 часа се вести/ТВ дневници.

Најмногу програми со образовна функција се емитуваат на програмските сервиси на Цез ФМ (14 часа) и Студент ФМ 92.9 (11 часа и 40 минути). Од видовите програми со образовна функција, Цез ФМ неделно емитува 8 часа документарна програма, 4 часа документарно-забавна програма и 2 часа образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки. Студент ФМ 92,9 емитува 7 часа и 40 минути образовна програма, 3 часа и 30 минути образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки и 30 минути образовно забавна програма. Оваа радиостаница неделно емитува 5 часа програми со образовна функција неопходни за целната група.

Најмногу време за емитување програми со забавна функција издвојуваат Спортско радио 90,3 ФМ (22 часа и 30 минути), РФМ (16 часа и 30 минути) и Лидер (16 часа). На програмскиот сервис на Спортското радио, вкупно 20 часа и 30 минути неделно се емитува Спортска програма (пренос или снимка

од спортски натпревари или настани и спортски магазини) и 2 часа забавна говорна шоу програма. На програмскиот сервис на РФМ, 7 часа се забавно-информативна програма, 5 часа и 15 минути забавна говорна шоу програма и 4 часа и 15 минути друга забавна програма. Додека пак Лидер, од содржините кои исполнуваат забавна функција, 9 часа емитува музичка програма (музичко-говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали, опера и слично, музички спотови, музичка реалистична програма), 2 часа спортска програма и 5 часа друга забавна програма.

Во табелата подолу се подетално претставени податоците за времетраењето на видовите програми кај регионалните радиостаници.

**Структура на говорниот дел од планираната неделна прграма[2]**

| | Видови програми | Времетраење по вид програма (часови и минути) | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Арачина | Ват | Урбан | Роса АБ | РФМ | Сити | Лидер | Спортско 90.3 ФМ | Студент ФМ 92.9 | Фортуна | Џез ФМ |
| Информативна функција | Вести/ТВ дневници | 01:20:00 | 03:00:00 | 02:00:00 | | 09:15:00 | 01:00:00 | 03:00:00 | 08:00:00 | **03:30:00** | 03:00:00 | |
| | Актуелно-информативна програма | 04:00:00 | 00:45:00 | | 00:40:00 | 05:15:00 | | 01:00:00 | 02:30:00 | **01:40:00** | | |
| | Актуелно-информативна програма со документаристички пристап | | | | | | | | | | | |
| | Актуелно-информативна говорна шоу програма | | 00:25:00 | | 00:40:00 | | | | | | | |
| | Преноси или снимки од седници на органите на власта | | | | | | | | | | | |
| | Преноси или снимки од општествено-политички настани | | | | | | | | | | | |
| | Информативни магазини | | 00:30:00 | | | 03:30:00 | | | | | | |
| | Специјализирани информативни емисии | | | | | | | | 01:30:00 | **04:40:00** | | |
| | Информативно-забавна програма | | | | 00:40:00 | | | | | **05:25:00** | | |
| | Инфо-сервис | | 00:30:00 | 00:39:00 | | | 00:30:00 | 00:30:00 | 00:30:00 | **01:15:00** | 02:00:00 | 01:00:00 |
| | Информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | | 00:26:00 | 00:31:00 | 00:40:00 | | | 01:30:00 | | **01:24:00** | 01:00:00 | |
| | Друга информативна програма | 01:00:00 | | 00:33:00 | | | | | 00:30:00 | | | |

[2] Во табелата не е дадена структурата на говорните содржини кои во текот на една недела се емитуваат на програмските сервиси на РА Буба Мара, РА Зона М-1, РА Клуб ФМ, РА Лајф ФМ и РА Скај, бидејќи процентуалната застапеност на говорот кај нив е помала од 5%, поради што тие немаат обврска до Агенцијата да доставуваат вакви податоци

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Образовна функција | Образовна програма | 02:00:00 | | | | | | | | 07:40:00 | | |
| | Образовно-забавна програма | | | | 00:30:00 | 00:50:00 | | | | 00:30:00 | 02:00:00 | |
| | Образовно-забавна програма за физичка култура и рекреација | | | 00:33:00 | | | | | | | | |
| | Документарна програма | | | | | | | | | | | 08:00:00 |
| | Документарно-забавна програма | | | | | | | 03:00:00 | | | | 04:00:00 |
| | Образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | | | 00:23:00 | 01:06:00 | 00:50:00 | | | | 03:30:00 | | 02:00:00 |
| | Документарна програма со религиозна тематика | | | | | 00:50:00 | | | | | | |
| | Друга образовна програма | 01:00:00 | | | | | | | | | | |
| Забавна функција | Забавно-информативна | 02:00:00 | 01:26:00 | 01:47:00 | 02:00:00 | 07:00:00 | | | | 06:06:00 | 05:00:00 | |
| | Забавна говорна шоу програма | 03:00:00 | 00:50:00 | 01:12:00 | 01:10:00 | 05:15:00 | 05:00:00 | | 02:00:00 | | | |
| | Забавно-образовна програма | 01:20:00 | | 00:40:00 | 00:40:00 | | | | | | 01:00:00 | |
| | Забавно-документарна програма | | | | | | | | | | | 06:00:00 |
| | Програми со хороскоп/тарот/јасновидци или толкување соништа | | | | | | | | | | | |
| | Спортска програма (пренос или снимка од спортски натпревари или настани и спортски магазини) | | 00:08:00 | | | | 00:50:00 | 02:00:00 | 20:30:00 | 02:40:00 | | |
| | Радио драма (серии, серијали, хумор и сатира) | | | | | | | | | | | |
| | Музичка програма (музичко-говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали, опера и слично, музички спотови, музичка реалистична програма) | | 01:00:00 | | | | | 09:00:00 | | | | 04:00:00 |
| | Игри (натпревари со ниска продукциска вредност, натпревари со висока продукциска вредност, квизови, игри на среќа и наградни игри) | | | | | | | | | | | |
| | Друга забавна програма | 08:10:00 | | 00:42:00 | | 04:15:00 | 00:40:00 | 05:00:00 | | | 02:00:00 | |
| Вкупно | | 23:50:00 | 9:00:00 | 9:00:00 | 8:06:00 | 37:00:00 | 8:00:00 | 25:00:00 | 35:30:00 | 38:20:00 | 16:00:00 | 25:00:00 |

Говорниот дел на радиостаниците Арачина и Ват се емитува на албански јазик, на Буба Мара на македонски и на српски јазик, додека на сите други се емитува на македонски јазик.

Трите радиостаници коишто емитуваат најмногу музика во текот на една седмица се Буба Мара (148 часа), Зона М-1 (145 часа и 30 минути) и Урбан (145 часа). Најголем дел од емитуваната музика на Буба Мара и Урбан ФМ е поп (68%, односно 50%), а најголем дел од музиката на РА Зона М-1 е новосоздадена народна (40%).

Гледано по жанрови, највисок процент на традиционална и новосоздадена народна музика (од вкупно емитуваната музика на својата програма) емитува Роса АБ, Етно/World music РФМ, поп музика Фортуна, џез и блуз музика Џез ФМ, рок/рок енд рол Лајф ФМ, а електронска музика Сити. Седум радиостаници воопшто не емитуваат народна музика. Станува збор за Клуб ФМ, Лајф ФМ, Сити, Скај, Лидер, Спортско радио 90.3 ФМ и Фортуна. Забавна музика не емитува само радиостаницата Роса АБ.

**Структура на планираната музика (неделно)[3]**

| Жанр | Времетраење (%) | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Арачина | Буба Мара | Ват | Зона М-1 | Урбан ФМ | Клуб ФМ | Лајф ФМ | Роса АБ | РФМ | Сити | РА Скај | РА Лидер | Спортско 90.3 ФМ | Студент ФМ 92.9 | Фортуна | Џез ФМ |
| Традиционална | 27% | | 10% | 20% | | | | 40% | | | | | | 2% | | |
| Етно/World music | 4% | 5% | 20% | 5% | 2% | | | | 40% | | | | | 3% | | 2% |
| Новосоздадена народна музика | 18% | | 20% | 40% | | | | 60% | 10% | | | | | | | |
| ***Вкупна народна музика*** | ***49%*** | ***5%*** | ***50%*** | ***65%*** | ***2%*** | ***0%*** | ***0%*** | ***100%*** | ***50%*** | ***0%*** | ***0%*** | ***0%*** | ***0%*** | ***5%*** | ***0%*** | ***2%*** |
| Поп | 39% | 68% | 21% | 20% | 50% | 60% | 40% | | 25% | 50% | 68.5% | 52% | 50% | 70% | 95% | |
| Џез | | 2% | 2% | | 2% | 10% | | | | 5% | | 5% | 5% | 1% | 2% | 76% |
| Блуз | | 2% | 5% | | 2% | 10% | | | | | | 5% | 5% | 1% | | 20% |
| Рок/Рок енд рол | 7% | 22% | 7% | 15% | 40% | 10% | 60% | | 25% | 25% | 31.5% | 23% | 35% | 20% | 3% | 2% |
| Електронска музика/техно | 4% | 1% | 13% | | | 10% | | | | 20% | | 15% | 5% | 3% | | |
| ***Вкупна забавна музика*** | ***50%*** | ***95%*** | ***48%*** | ***35%*** | ***94%*** | ***100%*** | ***100%*** | ***0%*** | ***50%*** | ***100%*** | ***100%*** | ***100%*** | ***100%*** | ***95%*** | ***100%*** | ***98%*** |
| Класична | | | 1% | | 4% | | | | | | | | | | | |
| Духовна | 1% | | 1% | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупна музика** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

[3] Класификацијата на музичките жанровии и стилови е извршена согласно Националната класификација на културно наследство и универзалната децимална класификација што ги користат Министерството за култура и Народната универзитетска библиотека „Климент Охрдски“.

Најголема разновидност во однос на јазикот на емитуваната музика имаат Буба Мара и Зона М-1. Најголем дел од музиката што се емитува на програмските сервиси на Арачина и на Ват е на албански јазик. Кај Урбан ФМ, Лајф ФМ, Лидер, Спортско радио 90.3 ФМ и Џез ФМ поголемиот дел од емитуваната музика е на англиски јазик, кај Сити подеднакво е застапена музиката на македонски и англиски јазик, а кај останатите осум доминира македонската музика.

**Структура на музиката по јазик**

| Јазик | Процент | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Арачина | Буба Мара | Ват | Зона М-1 | Урбан ФМ | Клуб ФМ | Лајф ФМ | Роса АБ | РФМ | Сити | Скај | Лидер | Спортско 90.3 ФМ | Студент ФМ 92.9 | Фортуна | Џез ФМ |
| Македонски | | 40% | | 60% | 40% | 40% | 40% | 100% | 47% | 40% | 40% | 30% | 40% | 55% | 60% | 40% |
| Албански | 70% | | 60% | | | | | | | | | | | | | |
| Српски | | 26% | | 30% | | | 1% | | | | 27% | 2% | 1% | 2% | 12% | |
| Турски | | | | 1% | | | | | | | | | | | | |
| Ромски | | | | 1% | | | | | | | | | | | | |
| Влашки | | | | 1% | | | | | | | | | | | | |
| Бошњачки | | 0.4% | | 1% | | | | | | | 9% | | | | | |
| Хрватски | | 28% | | 1% | | | 1% | | | | 23% | 2% | 1% | 2% | 20% | |
| Словенечки | | 0.1% | | 1% | | | | | | | | | | | | |
| Англиски | 25% | 4% | 40% | 1% | 50% | 25% | 55.5% | | 23% | 40% | 1% | 55% | 50% | 35% | 8% | 45% |
| Француски | | 0.4% | | | | | 0.5% | | 30% | | | | 2% | | | 3% |
| Шпански | | 0.5% | | 1% | 5% | 20% | 1% | | | 5% | | | 3% | | | 5% |
| Португалски | | 0.1% | | 1% | 5% | 15% | | | | 5% | | | | | | 7% |
| Други јазици | 5% | 0.5% | | 1% | | | 1% | | | 10% | | 11% | 3% | 6% | | |
| **Вкупно** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

## ПОДАТОЦИ ЗА СЛУШАНОСТА НА РАДИОСТАНИЦИТЕ

Во периодот од последните три години, најслушана регионална радиостаница била Буба Мара, со просечен неделен досег од 9,7% во 2020 година, 8,5% во 2021 година и 15,2% во 2022 година. На второ место по слушаност била Сити, а на трето Фортуна.

Просечниот неделен досег на радиостаниците претставува однос помеѓу популацијата што ја слушала радиостаницата подолго од една минута во било кој период од претходната недела и популацијата на територијата на којашто радиостаницата емитува програма, т.е. популацијата на територијата на град Скопје.

Податоците за слушаноста на секоја радиостаница се претставени на сликата и истите се обезбедени од истражувањата на јавното мислење, кои по нарачка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги спроведува истражувачка агенција избрана согласно Законот за јавните набавки.



## ПОТЕНЦИЈАЛНА ПУБЛИКА

Бројот на резидентно население на подрачјето на коешто радиостаницата би емитувала програма (град Скопје и општините Сопиште, Арачиново, Зелениково, Чучер Сандево, Илинден, Петровец и Студеничани) изнесува вкупно 607.007 лица [4]. Од нив, 297.330 се мажи, а 309.677 се жени. Според возраста, најбројни се лицата на возраст од 40 до 44 години – вкупно 44.280.

**Структура на населението по возраст**




Сепак, целна публика за којашто би биле наменети содржините што ќе се емитувааат на програмскиот сервис на оваа радиостаница се студентите, а потесна целна група студентите на Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје. Според Државниот завод за статистика, нивниот број во академската 2021/2022[5] година (не се објавени податоци за академската 2022/2023 година) изнесувал 29.369 лица, од вкупно 51.582 во целата држава.

---

[4] Податоците се обезбедени со Пописот на населението од 2021 година и истите се достапни на веб страната на Државниот завод за статистика, на следниот линк: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Popisi__Popis2021__NaselenieVkupno__Naselenie__VozrastiPol/T1019P21.px/table/tableViewLayout2/?rxid=4885f88f-2280-4b11-b602-544bb2390a59

[5] Податоците се достапни на следниот линк: https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=29&rbr=14041

Во табелата подолу се претставени бројот на запишани студенти во секоја високообразовна установа во регинот на Скопје.

**Запишани студенти на додипломски студии на високите стручни школи и факултети во Скопје**

| | |
|---|---|
| Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје | 22 261 |
| Универзитет „Мајка Тереза“ | 1 295 |
| Европски универзитет – Скопје | 507 |
| Универзитет АУЕ - ФОН – Скопје | 602 |
| Универзитет за туризам и менаџмент - Скопје | 726 |
| Меѓународен балкански универзитет – Скопје | 2211 |
| „Еуропа Прима“ - Интернационален Универзитет – Скопје | 75 |
| Американ колеџ – Скопје | 815 |
| Факултет за исламски науки – Скопје | 276 |
| Православен богословски факултет - Скопје | 80 |
| Факултет за бизнис-економија – Скопје | 153 |
| Колеџ за медицинска козметологија и физиотерапија - „МИТ“ – Скопје | 11 |
| Бизнис-академија „Смилевски“ – Скопје | 206 |
| Висока медицинска школа - Меѓународен балкански универзитет – Скопје | 35 |
| МИТ – Скопје | 116 |

Од вкупниот број на резидентно население на подрачјето на Скопје, повеќе од половината се Македонци - 340.402 лица, а 153.003 се од албанска етничка припадност. Од припадниците на другите малцински заедници, 19.142 се Роми, 10.986 Бошњаци, 12.357 Турци, 2.827 Власи, 12.474 Срби и 6.196 се припадници на други етнички заедници[6]. Етничката припадност на 49.620 лица не е утврдена со пописот.

[6] Податоците за етничката припадност се преземени од веб страната на Државниот завод за статистика и истите се достапни на следниот линк: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Popisi__Popis2021__NaselenieSet/T1008P21a.px/table/tableViewLayout2/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

## ЗАКЛУЧОЦИ

Студентските радија можат значително да придонесат за подобро едуцирање, но и соодветно и редовно информирање на студентите не само за прашања од областа на образованието, туку и за теми од други општествени сфери за кои имаат интерес. Во моментов, програма којашто е наменета за студентската популација емитува една регионална радиостаница, а вкупниот број на запишани студенти на факултетите во Скопје (во академската 2021/2022 година) изнесува 29.369 лица.

Имајќи го предвид ова, како и барањето на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје за доделување дозвола за непрофитно студенско радио, заклучокот што произлегува од оваа студија е дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на регионално ниво, и тоа:

- Целна група на радиодифузерот треба да биде студентската популација на подрачјето на Скопје (градот Скопје и општините Сопиште, Арачиново, Зелениково, Чучер Сандево, Илинден, Петровец и Студеничани);
- Говорните содржини треба да бидат застапени со 10% до 15% во вкупно емитуваната програма во текот на една недела; и
- Јазикот на кој ќе се емитува говорниот дел од програмскиот сервис да биде македонски.

**Директор на Агенцијата,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**